- Управен одбор
Бр. 02-2/61
Скопје, 14.12.2007.

Врз основа на член 48. став 1. алинеја 5. од Статутот на Клириншката куќа Клириншки интербанкарски системи АД Скопје, Бр.02-3/22 од 04.07.2007 година, Управниот одбор на Клириншката куќа Клириншки интербанкарски системи АД, Скопје, на седницата одржана на ден 14.12.2007 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА РАБОТА НА КЛИРИНШКАТА КУЌА**
**КЛИРИНШКИ ИНТЕРБАНКАРСКИ СИСТЕМИ**
**АД, СКОПЈЕ**

# 1 Општи одредби

(1) Правилникот за работа на Клириншката куќа Клириншки интербанкарски системи АД, Скопје (Правилник) ги дефинира правилата по кои Клириншката куќа Клириншки интербанкарски системи АД Скопје (КИБС), ги извршува работите од делокругот на своето работење преку следните сервиси:

1. Клиринг на мали меѓубанкарски плаќања (КИБС-Клиринг);
2. Единствен регистар на трансакциски сметки (КИБС-ЕРТС);
3. Информирање за блокирани трансакциски сметки (КИБС-Блокада);
4. Издавање на сертификати (КИБС-ИС);
5. Информативни сервиси (КИБС-Инфо);
6. Други сервиси.

(2) Сервисите на КИБС се организираат и извршуваат преку:

1. ограничен пристап со пријава и зачленување,
2. отворен пристап при што не е потребна пријава и зачленување.

(3) Правилата на сервисите со отворен пристап се соопштуваат при користењето на сервисите и нивната измена се врши без најава.

## 1.1 Членки и зачленување во сервис на КИБС

(4) КИБС и другите субјекти членуваат во сервисите на КИБС преку:

1. активно учество во креирањето, измената и дистрибуцијата на податоците кои се предмет на сервисите (Учесник во сервис) и
2. користење на податоците од сервисите кои се креирани, изменети и дистрибуирани од учесниците во сервисот (Корисник на сервис).

(5) КИБС е членка како учесник и корисник на сите сервиси кои ги организира и извршува.

(6) За зачленување во сервис потребно е да се:

1. исполнат условите од овој Правилник;
2. поднесе барање за зачленување (Образец КИБС-Барање);
3. овласти КИБС да ја провери техничко технолошката подготвеност на кандидатот за член на сервис (Образец КИБС-Тест);
4. пријави овластено лице на членот за контакт при учество и/или користење на сервисот (Образец КИБС-Контакт).

(7) Субјектот кој ги исполнува условите од (6) КИБС склучува Договор за регулирање на правата и обврските на КИБС и членот при учество и/или користење на сервисот (Договор).

(8) КИБС на членот му овозможува учество и/или користење на сервисот во рок од 10 дена од денот на склучување на Договорот.

## 1.2 Сервисни институции

(9) Членка на сервис може да овласти други членки или субјекти во негово име и за негова сметка технички да ги извршува работите врзани со сервисот (Сервисни институции).

(10) Сервисната институција нема никакво право на информацииите од сервисите кои технички ги извршува, не смее да ги користи за свои потреби и не смее да врши нивна редистрибуција.

(11) За овластувањето или одземање на овластувањето на сервисната институција членката го известува КИБС со достава на Известување за овластување на сервисна институција (Образец КИБС-СИ).

(12) КИБС ќе ја прифати сервисната институција како технички извршител на сервисот во име и за сметка на членката само по извршената проверка на нејзината техничка подготвеност за извршување на сервисот.

## 1.3 Начин на извршување на сервисите

(13) Работите поврзани со учеството и користењето на сервисите, КИБС и членките ги извршуваат со електронска размена на податоци со телекомуникациско поврзување. Услов за членство на одредени сервиси е користење на еден или повеќе телекомуникациски пристапи.

(14) Условите и стандардите за пристап и користење на телекомуникациските мрежи, како и начинот на размената на податоци се регулирани со овој Правилник и со Техничкото упатство за поврзување со КИБС (Техничко упатство).

(15) Видот на податоците кои се разменуваат, нивната форма и постапките при размената на податоците се регулирани со овој Правилник и со Упатство за видот, формата и начинот на размена на податоци (Упатство за размена).

(16) Во случај на привремена техничка неможност на електронска размена на податоци по телекомуникациски пат како и виша сила, КИБС определува посебни услови и начини за размена на податоците.

(17) Посебните услови и начини за размена на податоци и нивното времетраење се утврдува со овој Правилник, Техничкото упатство и со договор меѓу КИБС и членката.

(18) КИБС ќе овозможи посебни услови и начини на размена само во случаи при кои не постои опасност по безбедноста на извршувањето на сервисите во целост или кај поединечна членка.

## 1.4 Користење и заштита на информациите

(19) Примените информации од сервисите на КИБС членките ги користат исклучиво за сопствени потреби.

(20) Не е дозволена понатамошна дистрибуција на информации на други членки или други субјекти освен во случаи предвидени со закон, како и по овластување или договор со членка од која изворно потекнува информацијата како и по овластување или договор со КИБС доколку не е спротивно со закон.

(21) КИБС не може да даде овластување или да склучи договор за користење и понатамошна дистрибуција на информации освен во случаи предвидени со закон или по добиено одобрение од членка од која потекнуваат информациите.

## 1.5 Време на извршување на сервисите

(22) Времето на извршување на поодделни активности се уредува со Терминскиот план за работа на Клириншката куќа Клириншки интербанкарски системи А Д Скопје (Термински план).

(23) Терминскиот план се усогласува со Терминскиот план за работа на Македонскиот интербанкарски платен систем (МИПС) во однос на меѓусебно поврзаните активности.

(24) Активностите чие што време на извршување не е регулирано со Терминскиот план за работа, се извршуваат во време што КИБС го договара со членовите на сервисите.

(25) Членовите на сервисите се должни предвидените активности да ги извршуваат согласно со Терминскиот план за работа односно договорените времиња на извршување.

## 1.6 Тарифирање на сервисите

(26) КИБС за извршените услуги од членките наплатува надоместок. Надоместокот се утврдува со Тарифата за надоместоците за извршените услуги (Тарифа).

(27) Надоместокот за услугите кои не се регулирани со Тарифата, се наплатува по цена која КИБС ја договара со членот за кој се врши услугата.

## 1.7 Рекламации

(28) Членките пријавуваат по писмен пат рекламации по основ на повреда на правилата на работењето. Доколку во рамките на правилата за користење на сервисите не е поинаку наведено, рокот за поднесување на рекламациите е три работни дена од денот за кој истите се однесуваат.

(29) Доколку во рамките на правилата за користење на сервисите не е поинаку наведено, КИБС е должен во рок од десет дена од приемот на рекламацијата да ја утврди фактичката состојба и да го извести поднесувачот за преземените активности.

### 1.8 Исклучување од членство

(30) Во случај членот да не постапува согласно Правилникот за работа, КИБС го предупредува дека ќе биде исклучен од понатамошно членство доколку веднаш не ги отстрани недостатоците.

(31) Членот кој и по писмено предупредување не постапува согласно Правилникот се исклучува од членство во сервисот.

(32) КИБС без предупредување го исклучува членот на сервисот во случаите кога тој:

1. Престане да исполнува некој од условите за вклучување во сервисот,
2. Неовластено користи или дистрибуира информации,
3. На друг начин го загрозува сервисот и членките и претставува ризик за нив.

### 1.9 Измени во правилата за членство и работа

(33) КИБС може да врши измени на овој Правилник и на другите акти со кои се регулира работењето на КИБС и условите под кои може да се користат сервисите со претходно известување на корисниците на услугите на КИБС.

(34) Рокот во кој учесниците или корисниците на услугите се должни да се прилагодат на новите правила е 30 дена.

(35) КИБС го задржува правото да го продолжи овој рок доколку оцени дека е потребен подолг период за нивно спроведување.

# 2 Сервиси на КИБС

### 2.1 Клиринг на мали меѓубанкарски плаќања (КИБС-Клиринг)

(36) Клиринг на мали меѓубанкарски плаќања (Клиринг) е процес кој се состои од:

1. Размена на трансакции со мали меѓубанкарски плаќања (Клириншка размена);
2. Утврдување на нето состојба преку пресметка и пребивање на трансакциите од Клириншката размена (Клириншка пресметка);
3. Подмирување на обврските произлезени од Клириншката пресметка (Клириншко порамнување).

(37) Учесници во Клирингот на малите меѓубанкарски плаќања се носителите на платниот промет.

(38) Покрај општите услови за членство, членките на КИБС-Клиринг потребно е до КИБС да достават:

1. Дозвола за основање и работење на банки издадена од НБРМ;
2. Договор за отворање на трансакциска сметка во МИПС;
3. Овластување КИБС да издава налози за задолжување на товар на сметката на членката во МИПС, заради покривање на негативните состојби при Клириншкото порамнување (Образец КИБС-Клиринг).

(39) При зачленувањето НБРМ поднесува барање за зачленување (Образец КИБС-Барање)

(40) Пристапот до сервисот КИБС-Клиринг се извршува преку КИБС-ФиНет.

### 2.1.1 Правила на КИБС-Клиринг

(41) КИБС го организира и извршува сервисот КИБС-Клиринг секој работен ден во кој работи МИПС.

(42) Клириншки ден е време во кое се извршува сервисот КИБС-Клиринг за трансакции со датум на валута кој се однесува за еден календарски ден. Клириншкиот ден содржи еден или повеќе пресметковни циклуси (клириншки циклус). Бројот на клириншките циклуси и времето на извршување на поодделните активности во текот на клириншкиот ден се уредува со Терминскиот план.

(43) Сметка за пресметка е сметка која што КИБС ја отвора за секој учесник на КИБС-Клиринг поодделно заради пребивање на трансакции со мали меѓубанкарски плаќања и утврдување на нето состојбата за порамнување.

(44) Максималниот износ на поединечна трансакција која може да учествува во КИБС-Клиринг го определува НБРМ.

(45) Врз основа од известување од НБРМ, учесници во клирингот може да се исклучат од КИБС-Клиринг целосно (за прилив и одлив), делумно (или за прилив или за одлив) или до определен лимит за максимална негативна нето состојба. Податоците за ограничувањето што за еден учесник ќе ги определи НБРМ важат се додека не се добие друго известување.

(46) Состојбата на сметките за пресметка на секој од учесниците во клирингот на почетокот на секој клириншки циклус е нула.

(47) Платните трансакции кои се прифатени согласно Упатството за размена, а се однесуваат на тековниот клириншки циклус се евидентираат на соодветните пресметковни сметки на учесниците во клирингот.

(48) Учесникот може да изврши увид на својата моментална нето состојба во тековниот клириншки циклус на начин предвиден со Упатството за размена.

(49) По завршениот прием на трансакции за клириншкиот циклус за кој се однесуваат, КИБС врши пресметка и ги утврдува нето состојбите на пресметковните сметки на сите учесници. За утврдената нето состојба до секој од учесниците КИБС доставува извештај согласно Упатството за размена.

(50) За учесниците на чии што пресметковни сметки во КИБС се утврдени негативни нето состојби, КИБС до МИПС доставува налози на товар на трансакциската сметка на учесникот, а во корист на трансакциската сметка на КИБС во НБРМ. По добиената потврда од МИПС за извршување на овие налози, КИБС до МИПС доставува налози на товар на својата трансакциска сметка, а во корист на трансакциските сметки на учесниците за кои е утврдена позитивна нето состојба.

(51) По извршувањето на налозите од (49) порамнувањето е успешно, а платните трансакции вклучени во пресметката се сметаат за извршени. Во случај порамнувањето за еден или повеќе учесници во клирингот да не се изврши, претходната пресметка се поништува, се повлекуваат доставените платни трансакции до МИПС и се изготвува нова пресметка при што од пресметката се исклучуваат сите платни трансакции на товар на тој учесник.

(52) По спроведување на претходните точки постапката за порамнување се повторува се додека не се изврши успешно порамнување помеѓу учесниците. При повторување на пресметките еднаш исклучени платни трансакции во претходните пресметки не се враќаат во следните пресметки.

(53) По извршеното успешно порамнување, КИБС до секој од учесниците доставува извештаи согласно Упатството за размена.

## 2.2 Единствен регистар на трансакциски сметки (КИБС-ЕРТС)

(54) Единствениот регистар на трансакциски сметки (ЕРТС) согласно Законот за платен промет ги обединува податоците за трансакциските сметки на учесниците во платниот промет што се водат во регистрите на трансакциски сметки кај носителите на платен промет.

(55) Сервисот КИБС-ЕРТС се состои од :

1. Прием на информации за измени во регистрите на трансакциски сметки кај носителите на платниот промет;
2. Ажурирање на примените податоци во ЕРТС;
3. Информирање на корисниците на сервисот за измените во ЕРТС.

(56) Согласно Законот за платен промет носителите на платниот промет кои кај себе отвораат трансакциски сметки за плаќање задолжително се учесници во КИБС-ЕРТС. При зачленување учесниците доставуваат:

1. Дозвола за основање и работење на банка издадена од НБРМ;
2. Договор за отворање трансакциска сметка во МИПС.

(57) Корисници на КИБС-ЕРТС се:

1. учесниците во сервисот,
2. други субјекти кои можат да користат информации од сервисот врз основа на законски или друг пропис како и врз основа на согласност за информирање (Образец КИБС-ЕРТС) добиена од учесниците во сервисот од кои изворно потекнува информацијата.

(58) Учесниците пристапуваат до сервисот КИБС-ЕРТС преку КИБС-ФиНет. Учесникот во сервисот покрај КИБС-ФиНет е должен да обезбеди уште еден резервен пристап согласно со Техничкото упатство.

(59) Користењето на сервисот КИБС-ЕРТС е преку КИБС-ФиНет, бирана врска, Интернет, размена на магнетни медиуми или на друг начин кој ќе се договори со КИБС.

## 2.3 Информирање за блокирани трансакциски сметки (КИБС-Блокада)

(60) Сервисот КИБС-Блокада е сервис за информирање на носителите на платен промет за блокираните трансакциски сметки во платниот промет.

(61) Учесници во сервисот се носителите на платниот промет кои согласно законските обврски преку КИБС до останатите носители на платен промет испраќаат информации со податоци за блокади.

(62) Корисници на сервисот се носители на платен промет, до кои согласно законските обврски, КИБС ја проследува примената информација со податоци за блокади.

(63) Обврска на КИБС е веднаш по приемот на информацијата за блокада за истата да ги извести сите корисници на сервисот. При ова КИБС ја проследува информацијата со иста содржина каква што ја дал иницијаторот.

(64) За содржината и точноста на податоците во информацијата за блокада е одговорен учесникот од кој потекнува информацијата.

(65) Пристапот до сервисот КИБС-Блокада се извршува преку КИБС-ФиНет.

### 2.4 Издавање на сертификати (КИБС-ИС)

(66) КИБС издава електронски сертификати за дигиталното потпишување на документи и електронски пораки, дигиталното шифрирање на електронски пораки и документи и автентикацијата при пристап до апликации.

(67) Начинот и правилата на работа на овој сервис е определен со документот Правила на издавачот на сертификати (Certification Practice Statement) и неговите придружни документи.

(68) Електронските сертификати се издаваат и користат врз основа на:

1. Билатерален договор меѓу КИБС како Давател на сертификациона услуга (Certification Service Provider) и корисникот на таа услуга (договорни сертификати) и
2. Законските прописи, како регистриран издавач на сертификати (регистрирани сертификати).

(69) Пристапот до сервисот КИБС-ИС е преку Интернет.

### 2.5 Информативни сервиси (КИБС-Инфо)

(70) За потребите на учесниците и корисниците на сервисите на КИБС и за потребите на други корисници, КИБС нуди информативни сервиси чии правила на работење се утврдени со посебни упатства за работа или договори со корисниците на сервисите.

(71) Користењето на сервисите КИБС-Инфо е преку КИБС-ФиНет, бирана врска, Интернет, размена на магнетни медиуми или на друг начин кој ќе се договори со КИБС.

## 3 Правила за телекомуникациски пристап

(72) Телекомуникациското поврзување на членките се извршува преку:

1. Телекомуникациската мрежа чиј што администратор е КИБС (КИБС-ФиНет);
2. Бирана (Dial-up) врска;
3. Интернет;
4. Други мрежи.

(73) КИБС-ФиНет е телекомуникациска мрежа на затворена група корисници за размена на податоци со КИБС, изнајмена од телеком оператори.

(74) Начинот на поврзување на учесникот во КИБС-ФиНет е опишан во Техничкото упатство за поврзување со КИБС (Техничко упатство).

(75) Администратор на КИБС-ФиНет е КИБС. Администраторот на мрежата:

1. Дефинира и одржува адресна структура на мрежата;
2. Посредува при склучување на договор за соодветно сервисно ниво на услуги помеѓу учесниците и корисниците и телеком операторот/операторите;
3. Врз основа на Техничкото упатство за поврзување со КИБС врши проценка на подготвеноста на учесниците и корисниците за приклучување кон КИБС-ФиНет.

(76) Администраторот на КИБС-ФиНет врз основа на договор (Договор за одржување) може кај членките да ја конфигурира и да ја следи работата на опремата која е интерфејс кон КИБС-ФиНет.

(77) Заштита на мрежата на страната на членката е одговорност на членката.

(78) Администраторот на КИБС-ФиНет може да изврши измена на техничките услови за работа со мрежата за што е должен да ги извести членките најдоцна 3 месеци пред влегувањето во сила на измената.

(79) Сервисите со отворен пристап се организираат и извршуваат преку Интернет.

(80) При извршувањето на сервисите со ограничен пристап комуникацијата е со вградени механизми на заштита и со авторизиран пристап на корисникот кој се најавува со примена на електронски сертификат.

# 4 ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

(81) Овој Правилник се применува од 01.01.2008 година.

(82) Со примена на овој Правилник, престанува примената на Правилникот за работа на Клириншката куќа Клириншки интербанкарски системи АД Скопје, број 07-253/1. од 29.11.2004 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА УПРАВНИОТ ОДБОР**

Горан Анастасовски с.р.